БР. 9 година I септември 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА




- ВЕСТИ
- АНАЛИЗА
  Слободниот пристап до јавни информации - колку сме блиску до меѓународните стандарди?
- ЈАВНИ НАБАВКИ
  Растат поништувањата на постапките за јавни набавки од страна на Државната комисија за жалби
- ПРЕПОРАКИ
  Спречување на корупцијата во урбанизмот и градежништвото

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

**Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3213 513**
**www.ccc.org.mk**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Корупцијата во приватниот сектор и борбата против неа е тема за која се почесто се зборува во светот, а за која пишувавме и во едно од минатите изданија на месечникот. Соочена со корупциски скандал во Америка, каде се откри дека плаќала поткуп од милиони долари на влади ширум светот за да добие договори за јавни набавки, реномираната автомобилска компанија Даимлер сега ќе отвора специјално работно место за директор кој ќе внимава дали компанијата ги почитува законите и деловната етика во своето работење. Во Хрватска, пак, приведен е првиот цариник во државата и до скоро главен благајник на владејачката парија под сомнение дека терал државни институции да најмуваат една фирма за ПР услуги без притоа да спроведат постапки за јавна набавка.
Во соседна Србија – една интернет новинска агенција објави т.н. ценовник на корупцијата, односно список со јавни услуги и митото што се плаќа за нивно добивање. Податоците се земени од јавувањата на граѓаните на скоро отворениот интернет-портал за пријавување на случаи на корупција Pištaljka. Според овој ценовник, за завршување факултет без да се полагаат испитите треба да се плати мито од 16.000 евра, легализирањето на куќа чини 20.000 евра, а вработување на лекар и до 8.000 евра. Најкорупирани според овој список се лекарите, а економистите тврдат дека економската криза ја зголемува корупцијата.
На 28 септември, светот го одбележа денот на слободниот пристап до информации од јавен карактер или како што е наречен „Меѓународен ден на правото да се знае“. Вистински повод за анализа колку Македонија е блиска до меѓународните стандарди за слободен пристап до јавни информации. Анализата нуди и неколку конкретни сугестии за решенија што можат да се применат и кај нас за поцелосно остварување на ова, едно од најсуштинските граѓански права.
Во продолжение уште една анализа - за жалбениот процес во јавните набавки. Главна забелешка која произлегува од оваа анализа е дека растат одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки за целосно поништување на постапките, што упатува на зголемување на повредите и на злоупотребите на Законот за јавни набавки од страна на договорните органи. Во скоро половина од уважените жалби на економските оператори, Државната комисија за жалби по јавни набавки донела решенија за поништување на постапките, што се донесува кога се констатираат посериозни повреди на законот за јавни набавки.
Соочена со голем број претставки од граѓани од областа на урбанизмот и градежништвото, Државната комисија за жалби по јавни набавки на почетокот од октомври реши да организира јавна дебата со претставници на сите вклучени страни за да извлече заклучоци и препораки за намалување на корупцијата во оваа област. Во овие препораки се вклучени и дел од препораките на кои укажуваше Центарот за граѓански комуникации уште пред неколку години.
На крајот објавуваме и неколку карикатури на тема корупција што специјално за нашиот месечник ги направија двајца еминентни домашни карикатуристи Јордан Поп Илиев и Петар Јанков.



БР. 9 година I

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- 4 ВЕСТИ
- 6 АНАЛИЗА

Слободниот пристап до јавни информации - колку сме блиску до меѓународните стандарди?

- 10 ЈАВНИ НАБАВКИ

Растат поништувањата на постапките за јавни набавки од страна на Државната комисија за жалби

- 13 ПРЕПОРАКИ

Спречување на корупцијата во урбанизмот и градежништвото

## „ДАИМЛЕР“ НАЗНАЧИ АНТИКОРУПЦИСКИ ДИРЕКТОР

ФРАНКФУРТ (АФП) – Германскиот производител на автомобили „Даимлер“, што се прогласи за виновен по обвинувањата за мито во САД, објави дека воспоставува нова работна позиција во компанијата – директор одговорен за почитување на законите.

Новиот член на Бордот на директори, кој ќе биде човек надвор од компанијата, ќе управува со законските активности, како и со прашањата поврзани со деловната етика, објави „Даимлер“ во соопштение.

„Даимлер“, производителот на Мерцедес Бенц, потсетува дека веќе презел неколку чекори за борба со корупцијата, како што е можноста за секој вработен да пријави ако се сомнева во нечие погрешно работење.

Компанијата во април се согласи спогодбено да плати сума од 185 милиони долари, откако беше обвинета од ФЦПА (Акт за странски коруптивни практики) по истрагата што се спроведе врз продажните практики на „Даимлер“ низ светот.




„Даимлер“ призна дека направил стотици несоодветни плаќања на странски владини претставници, вредни десетици милиони долари, во најмалку 22 земји во периодот меѓу 1998 и 2008 година, според обвинението заведено во судот во Вашингтон.

Поткупите во готовина и во вид на подароци на луксузни блиндирани возила, патувања на одмор и по терени за голф, му помогнале да добие договори со владите вредни милиони долари во Кина, Русија, Тајланд, Грција, Ирак и во други земји, стои во обвинувањата.

## ШЕФОТ НА ХРВАТСКАТА ЦАРИНА ПРИВЕДЕН ЗА КОРУПЦИЈА

ЗАГРЕБ (АР) – Хрватскиот шеф на царината и поранешен благајник на владејачката партија е приведен под сомнение за корупција, вели полицијата, како што земјата ја интензивира својата борба против ова зло за да ги исполни барањата на ЕУ.

Владата веднаш го отпушти Младен Баришиќ, само неколку часа откако беше приведен, но не го коментираше случајот. Полицискиот портпарол, Крунослав Боровец, објави дека Баришиќ е приведен, но одби да даде детали.

Хрватските медиуми известија дека Баришиќ во 2007 година наредувал државни институции да ја ангажираат компанијата „Фими-Медија“ за услуги од односите со јавноста и маркетингот, без спроведување јавни тендери. Дел од парите што се ѝ се плаќале на „Фими-Медија“, според новинарските извештаи, оделе како поткуп во владејачката партија ХДЗ. Баришиќ претходно демантираше каква и да е злоупотреба.

Адвокатот на Баришиќ, Анте Мадуниќ, вели дека неговиот клиент е осомничен од Уредот за спречување корупција и организиран криминал за заговор за извршување криминал, нелегално посредување и поттикнување на злоупотреба на позицијата во врска со случајот. Мадуниќ изјави и дека полицијата го претресла домот на Баришиќ.



Медиумите нашироко известуваа дека Баришиќ делувал по наредба на поранешниот премиер, Иво Санадер.

Сопственичката на „Фими-Медија“, Невенка Јурак, беше приведена во август.

Јадранка Косор, новата премиерка, го смени Баришиќ од местото на партиски благајник во јануари.

Министерот за внатрешни работи, Томислав Карамарко, рече дека случајот е доказ оти властите постојано ја гонат корупцијата. Хрватска се обидува да докаже дека е сериозна во борбата против корупцијата и се надева да влезе во ЕУ во 2012 година.

## ЦЕНОВНИК НА КОРУПЦИЈАТА ВО СРБИЈА

БЕЛГРАД („Прес“) – Поткупувањето зема толку замав што постојат точни ценовници за сè – од породување и боледување, преку купување документи, запишување во градинка и вработување, сè до драстично намалување на казните на убијците. Сè има своја цена. „Прес“ истражуваше колкави се тарифите во здравството, во правосудството, во администрацијата и во другите области што важат дека се најкорумпирани.

Дека постојат неофицијални ценовници, потврдува и Владимир Радомировиќ, уредник на порталот Pištaljka, каде што граѓаните можат да ги пријават сите видови на корупција и злоупотреба. Тој вели дека за неполни два месеца им стигнале околу 350 пријави за примање и давање мито. Правосудството и здравството, кои со години важат за најголеми корупциски легла, сега имаат остра конкуренција во органите на локалната самоуправа, во градежните дирекции и во инспекциите. Радомировиќ за „Прес“ напоменува дека не секој облик на корупција е поврзан со пари.

### Докторите – први според корупцијата

Симптоматично е тоа што неколку пријави од разни делови на Србија се совпаѓаат во деталите, како да постои одреден шаблон за тарифите. Граѓаните тврдат дека работно место во здравствена установа ‚чини‘ од 2000 до 3000 евра, додека за работно место лекар на неодредено се плаќа од 5000 до 8000 евра. Породување чини околу 300 евра. Имаме случај во кој граѓанин од албанска националност од Прешево пријави дека морал на полицијата да ù плати 20 евра да ги пуштат него и неговото семејство од пешачкиот премин каде што ги држеле половина час, како и дека полицајците секогаш му барале „некој подарок или пари“. Инвеститорите во еден град на југот од Србија мораат да одат токму во оние проектантски бироа во кои ги праќаат од градежната управа. Тарифата за услугата чини меѓу 1500 и 5000 евра. Полицијата може да го заборави сообраќајниот прекршок ако дадете десет евра. Испит на факултет чини 1000 евра. Митото за прокнижување на нелегално изградена шупа како станбен објект чини 20 000 евра – наведува Радомировиќ.

Според последното истражување на „Медиум Галуп“, ‚белите мантили‘ спаѓаат меѓу трите најкорумпирани области, секој трет испитаник изјави дека има роднина или пријател кој во последните три месеци дал мито, а 16 проценти од нив тоа го сториле и самите – било лично, било преку член на нивните семејства. Од нив, дури 54 проценти тврдат дека дале мито на лекар, а 19 проценти на полицаец. Просечниот износ на ‚наградата‘ на лекарот се движел меѓу 160 и 200 евра.

Јавна тајна е дека многу мајки само за породувањето плаќаат од 300 до 1000 евра, во зависност од тоа дали станува збор за царски рез и дали треба да се подмити и анестезиологот, кај кој ценовникот е од 150 до 300 евра. Неофицијалниот ценовник за самото породување е таков што на лекарот треба да му се дадат од 300 до 500 евра, а на бабицата од 50 до 100 евра. А пари треба да се издвојат и за подароци.

Итните случаи на некој начин имаат среќа, бидејќи со нив никој не си игра, но ако се најдете на списокот за чекање, работите се менуваат; често треба да се плати за да ве оперираат или да ве сместат во болница преку ред. Операциите чинат од 1000 до 3000 евра, а кревет во болница од 300 до 700 евра.

Корупцијата е распространета и во правосудството, но и на факултетите. Во правосудството не постојат прецизни тарифи, туку секоја е во зависност од тежината на делото. Да речеме, намалување на казната за еден месец чини од 300 до 1000 евра, а огромни пари се земаат и за намалување на долгогодишните казни. Адвокатите можат, во договор со судиите, за тешки кривични дела како убиство, за што се заканува казна од 40 години, да издејствуваат пократок престој во затвор за цифра од неколку десетици илјади па сè до 100 000 евра.

### Намалена побарувачка

Во аферата „Индекс“, во која се обвинети повеќе професори од Белград, од Ниш и од Нови Сад, кои се товарат дека како предавачи на Правниот факултет во Крагуевац пишувале позитивни оценки за студенти кои не се ни појавувале на испитите, откриено е дека диплома може да се добие за 12000 до 16000 евра или за нов БМВ 320Д, а позитивна оценка за еден испит за сума од стотина до 1500 евра, уникатна бразлетна, квалитетен странски парфем, виски...

Пред укинувањето на визите, тие кои сакаа да ја забрзаат процедурата и да ги избегнат редиците можеа да платат добивање виза преку ред, а цифрите достигнуваа и до 1000 евра. Цената на пасошот сега се движи околу 1000 евра, а за добивање возачка дозвола без полагање испит, треба да се дадат од 300 евра па нагоре.

Економистот Мирослав Здравковиќ објаснува дека степенот на корупција се одредува со односот на понудата и побарувачката, а дека актуелната криза довела до тоа корупцијата да поевтинува, но да се проширува и да расте, бидејќи оние кои е можно да се корумпираат стануваат сè порасипани, па полесно се согласуваат да примат мито. Од друга страна, побарувачката се намалува бидејќи населението осиромашува.

- Може да се рече дека актуелната криза ја поттикнува корупцијата бидејќи е познато дека колку е повисока платата, толку е понизок ризикот од корупција, а повисоки се и контролите и казните. А ние овде имаме ситуација платите да се замрзнати веќе две години, што нормално, отвора простор за корупција, наведува Здравковиќ.

Вања Михајлова, антикорупциски експерт

# СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ЈАВНИ ИНФОРМАЦИИ - КОЛКУ СМЕ БЛИСКУ ДО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ?



„Од тајна до транспарентност“, „Светлост, информација, акција“, „Кажете ни што сте направиле” – се само дел од називите за настаните за одбележување на 28 септември - Меѓународен ден на правото да се знае. Целта е да се подигне свеста за важноста на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, што ќе овозможи увид во работата на државните институции и во начинот на кој политичарите ја извршуваат доверената функција и ги трошат парите што ги собираат преку даноци.

Денот се користи за промовирање на правна помош и поддршка на новинарите во истражувањето на функционирањето на институциите, на јавната администрација и нивната одговорност, транспарентност и отчетност. Одделни земји на овој ден промовираат нова легислатива за пристап до информации, чијашто цел е подобрување и олеснување на остварување на ова право, ограничување на исклучоците кога барањето може да биде одбиено поради доверливост на податоците, како и намалување на роковите за добивање на бараните информации, со истовремено зголемување на санкциите за повреда на ова право. Ова, пред сè, се прави заради усогласување со стандардите утврдени во Конвенцијата на Советот на Европа пред нејзиното ратификување.

Меѓу другото, на овој ден беше објавена и новата Методологија за индикаторите за оценување и споредбена анализа на националното право на пристап до информации, од страна на Access Info Euro (пристап до информации во Европа) и Центарот за право и демократија од Канада. Ова алатка има за цел да ја дефинира целокупната правна рамка на пристапот до информации, тргнувајќи од тоа колку е ефикасна за доследно остварување на правото од страна на имателите на информациите.

Како клучни елементи за слободен пристап до информациите, методологијата ги дефинира: правото на пристап, обемот, процедурата за барање, исклучоци и одбивање на барањето, санкции и заштита и промотивни мерки. Методологијата содржи 61 главен индикатор, секој со посебен број на алоцирани поени. Најголем број на поени се предвидени за опфатот на слободниот пристап до информации, потоа за обемот на информациите до кои е дозволен пристап, потребната процедура, исклучоците и одбивање на барањето, по што следат поени за преземените промотивни мерки и предвидените санкции за повреда на правото на пристап до информациите.

Овој ден е повод да се потсетиме на едно од најсуштинските права - правото на пристап до информациите и какви стандарди се промовираат во светот за негово натамошно подобрување и зајакнување.

Слободниот пристап до информациите од јавен карактер претставува одраз на демократијата во една држава, транспарентно и одговорно извршување на работите доверени со закон од страна на институциите и службените лица. Правото на пристап до информациите има клучна улога во креирањето на можноста граѓаните да имаат увид во работата на владата и на другите државни органи, да го контролираат присуството и степенот на корупција во јавната администрација, но и во другите сектори, како и да го апострофира погрешното управување. Отвореното и добро однесување е од суштинско значење за функционирањето на принципот на демократијата и механизмите на правната држава, што претставува и превенција од коруптивни практики.

### Меѓународни документи за заштита на правото за пристап до информациите

Слободата на правото за пристап до информациите е гарантирана со многу меѓународни документи, тргнувајќи од Резолуцијата 59(1) на Генералното Собрание на ООН, донесена во далечната 1946 година, според која „слободата

за пристап до информациите е фундаментално право и камен-темелник на сите слободи за кои е задолжена ООН; преку Универзалната декларација за човековите права усвоена на 10 декември 1948 година; Конвенцијата на ООН за пристап до информации за јавно учество во донесувањето на одлуки и за пристап до правдата; Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права и на основните слободи и Протоколите кон Конвенцијата 1,4,6 и 7; Декларацијата на Советот на Европа за слободата на изразувањето и информирањето од 1982 година, до Конвенцијата на ООН за борба против корупцијата од 2003 година, како и други бројни резолуции и препораки на меѓународните организации. Последната во низата документи од оваа област е Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до службените документи од 2009 година. Советот на Европа и ГРЕКО, легислативата за слободниот пристап до јавните информации ја вклучија во антикорупциското законодавство, а земјите членки имаат обврска да ја донесат и да ја применат.

## Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до службените документи

Оваа конвенција предвидува зајакнување на правото на пристап до информациите и зголемување на одговорноста на имателите на информации. Според овој документ, како јавни органи и институции се дефинираат: владата и администрацијата на национално, регионално и локално ниво; законодавната и судската власт за административните работи (но и за нивната активност), како и правните и физички лица кои се овластени да вршат јавни овластувања и располагаат со јавни средства.

Како „службени документи" се дефинирани сите информации во која било форма, подготвени, добиени или поседувани од наведените органи.

Правото на пристап до информациите му е загарантирано на секое лице, без дискриминација по која било основа. Ограничувањето на ова право мора да биде прецизирано со законот и во обем кој е неопходен за едно демократско општество, тоа да биде пропорционално и само заради заштита на податоците кои се однесуваат на: националната безбедност, одбраната, јавната сигурност, превенцијата, истрагата и обвинението за криминални активности, приватноста и приватните интереси, комерцијалните и другите економски интереси и др.

Конвенцијата предвидува дека барателот нема обврска да ги каже причините поради кои бара пристап до информациите. Државата има обврска на барателите да им обезбеди право да останат анонимни, освен кога откривањето на нивниот идентитет е потребно поради процесирање на барањето. Формалностите во врска со барањето треба да се однесуваат само во рамките на она што е потребно за процесирање на барањето. Доколку органот до кој е поднесено барањето го нема бараниот документ или нема овластување да го даде, ќе го упати барателот колку што е можно поскоро до надлежниот орган. Барањето за пристап до службените документи треба да се процесира во што пократок рок. Конвенцијата ги задолжува државите да донесат одлука, да комуницираат и да постапат по барањето што поскоро, или во разумни рокови кои самите треба да ги утврдат (инаку, европскиот просек за постапување по барањето на информации изнесува 15 дена, а барателите имаат право на правна заштита поради молчење на администрацијата во рок од 10 дена по истекот на овој рок). Доколку органот делумно или целосно го одбие барањето, има обврска да ги образложи причините за тоа. Кога на барателот му е прифатено барањето за пристап до информациите, барателот има право да избира дали ќе изврши увид во оригиналот или во копијата од документот, како и да добие копија во секоја расположлива форма.

Увидот во службените документи во просториите на органот е ослободено од плаќање на такси или други давачки. Трошоци ќе се наплатат само за копија од службен документ кои треба да бидат разумни и да не ги надминуваат тековните трошоци за репродукција и за доставување на документот. Ако на барателот му биде делумно или целосно одбиено барањето, ќе има право на увид во процедурата пред надлежен суд или пред друг независен и непристрасен орган формиран со закон.

Според Конвенцијата, државата има обврска да ја извести јавноста за правото на пристап до службените документи и да ги упати како да го остварат тоа право; да ги обучи јавните службеници за нивните права и обврски по однос на спроведувањето на ова право; да ги дадат бараните информации, ефикасно да управуваат со документите за да бидат лесно достапни и да воспостават јасни правила за заштита и оштетување на документите. Она што е значајна новина со оваа Конвенција е формирање група специјалисти за пристап до службени документи од страна на Советот на Европа, кои ќе се состануваат најмалку еднаш годишно заради контрола и мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата и заради известување за преземените законски мерки и за нивната практична примена од страна на држа-

вите. Извештајот на Групата специјалисти, нивните наоди, препораки и мислења ќе бидат јавно објавени.

Покрај овој меѓународен документ, кој правото на слободен пристап до информациите го препознава како едно од фундаменталните демократски права, при усвојувањето на легислативата од оваа сфера, земјите треба да ја земат предвид и Лисабонската спогодба за правата на ниво на ЕУ, како и практиката на Европскиот суд за човекови права во оваа област.

## Кои стандарди треба да бидат содржани во легислативата за слободен пристап до информациите?

Како најсуштински стандарди и правила кои треба да бидат содржани во законите за слободен пристап до информациите се потенцираат:

- Лицата кои бараат информации да не мора да објаснат за кои цели или од кои причини ги бараат;
- Барањето може да биде поднесено во каква било форма, вклучувајќи и електронска, а барателите на информации можат да ја одредат формата во која претпочитаат да ја добијат информацијата;
- Исклучоците за пристап до информациите треба да бидат строго лимитирани и во функција на превенција од евентуална штета која може да настане поради нивното објавување, како и да бидат баланс помеѓу важноста од достапноста на информациите за јавноста и заштитата на нивната доверливост. Дозволени се исклучоци поради заштита на: националната сигурност, меѓународните односи, јавното здравство и сигурност, превенцијата, истрагата и обвинението, приватноста, легитимните комерцијални и други економски интереси, менаџирањето во економијата, администрирањето на правдата и парничните привилегии, конзервацијата на човековата околина и други операции на јавната администрација. Дозволено е, исто таа, барањето да биде одбиено доколку се бараат информации кои се веќе јавно објавени во електронска форма или публикувани. Овие исклучоци треба да се применат само кога постои ризик дека нивното откривање може да му наштети на јавниот интерес.
- Личните податоци кои нема да му наштетат на приватниот живот на поединечни лица и кои се однесуваат на организацијата, функционирањето и активноста на надлежните државни органи треба да бидат достапни;
- Барањето податоци и документи е ослободено од трошоци за нивно копирање. Другите трошоци кои треба да се плаќаат се ограничени само на трошоците за репродукција или за копирање во други формати;
-Државните органи треба да ја информираат јавноста за правото на слободен пристап до информациите, а јавните службеници треба да им помогнат на барателите во остварувањето на нивните барања, како и да им се обратат доколку барањето не е јасно и прецизно;
- Проактивната публикација на информациите е ограничена и треба да содржи само општи информации во врска со функционирањето на јавните институции, нивната структура, услуги, буџетот и трошењето на буџетските средства, како и одредени економски и статистички информации кои треба регуларно да бидат ажурирани;.
- На барателите треба да им се овозможи право на правна заштита до независен административен орган (пр. Комисија за слободен пристап до информации), за што не треба да се наплатуваат никакви трошоци. Основата за правна заштита надвор од органот до кој се обратил барателот треба да биде широко поставена. Правната заштита опфаќа и правен лек поради молчење на администрацијата и други повреди на законот, како што е пречекорување на роковите за давање на податоци, наплата на трошоци над определениот износ и сл. Потребно е да се воспостават јасни и прецизни процедури околу роковите за поднесување на барањето и за давање одговор или одбивање на барањето, заради ефикасно остварување на правото на жалба.
- Формирање независно тело за слободен пристап до информациите. Државите имаат обврска да формираат независно тело со мандат и овластување да врши увид во класифицираните документи и контрола во просториите на надлежните државни органи. Одлуките на ова независно тело мора да се спроведуваат. Ова тело треба да има овластување да нареди обезбедување на соодветни услови, вклучувајќи и декласификација на информациите, да ги задолжи имателите на информации да вршат обука на овластените лица и да го зајакнат менаџирањето со инфор-



мациите. Членовите на надлежното тело за слободен пристап до информациите треба да бидат именувани на начин кој ќе ги заштити од политичко влијание и да бидат заштитени од разрешување пред истекот на мандатот, како и да им се овозможи финансиска независност заради поефикасно вршење на функцијата. Нив треба да ги именува Парламентот и тие пред него одговараат за својата работа.

- Санкции и заштита. Со Законот треба да бидат предвидени санкции за повреда на правото за пристап до информациите, вклучувајќи и неосновано ограничување за давање на бараните информации. Треба да се воспостави систем за посочување на проблемот на јавната администрација која системски одбива да ги открие информациите, или не ги извршува обврските во согласност со регулативата од оваа област. Независното тело и персоналот во овој орган треба да уживаат правен имунитет за дејствијата преземени во „добра волја“. Правна заштита треба да биде предвидена и во случај кога информациите (кога постои ограничување за пристап) се дадени со „добра намера”, иако со тоа се крши законот. Тоа се т.н. соработници на правдата или поткажувачи.

- Промотивни мерки. Комисијата за слободен пристап до информациите или друго соодветно тело треба да има целосна одговорност за промовирање на правото на пристап до информациите. Ова вклучува и изготвување на водич за слободен пристап до информациите и активности за подигнување на свеста во јавноста, почнувајќи уште од училиштата. Комисијата треба да воспостави систем кој ќе гарантира минимум стандарди по однос на менаџирањето со податоците и со документите со кои располагаат институциите. Од јавните институции треба да се бара да креираат и да ажурираат листа или регистер на документи и да им ги дадат на увид на барателите. Покрај обврската за континуирана обука на лицата овластени за менаџирање со пристапот до информациите, неопходно е да се воспостави обврска за институциите за давање годишен извештај за преземените мерки и активности за имплементација на обврските за откривање на информациите. Ова вклучува статистички податоци за поднесените барања и за исходот од ваквите барања.

## Состојбата во Македонија

Република Македонија го донесе Законот за слободен пристап до информации во 2006 година, на барање на Советот на Европа, како дел од антикорупциското законодавство, но и како еден од критериумите за приклучување кон ЕУ. Иако генерално законот исполнува голем дел од меѓународните стандарди, посебно по однос на организацијата, формирањето на независно тело и правната заштита, неговата имплементација, според анализата извршена од страна на невладиниот сектор, покажа дека се присутни недостатоци во подготвеноста и во професионалноста на институциите и имателите на информации. Институциите не се брзи и ефикасни во актуелизацијата на правото на слободен пристап до информации и не ја доставуваат информацијата во пристоен временски рок. Најчесто за доставување на информациите до барателите се чека последниот ден (30 дена). Многу често како причина за одбивање на барањето на информации се користи законската можност за прогласување на информациите како доверливи. Исто така, спротивно на Законот, во случај кога органот до кој е поднесено барањето не ги поседува информациите, наместо барањето да го препрати до имателот на информацијата, тој избира да го извести барателот дека не располага со истата. Иако за ваквиот однос е предвидена казна за прекршок, во практиката оваа мерка не се применува.

За неефикасната имплементација на законот, дел од одговорноста лежи и во недоволната транспарентност на Комисијата за заштита на правото на пристап до информациите и за поголемо промовирање на ова право. За зголемување на ефикасноста на ова право, треба да се намали рокот за давање на информации (кој според законот, може да се продолжи и до 40 дена) и целосно усогласување на законот со меѓународните стандарди и со стандардите воспоставени со Конвенцијата на Советот на Европа. Освен тоа, потребно е и зголемување на опфатот на имателите со информации, со вклучување на законодавната и на судската власт.



# РАСТАТ ПОНИШТУВАЊАТА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ОД СТРАНА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ

Истовремено со редовниот мониторинг на постапките за јавни набавки во Македонија, Центарот за граѓански комуникации го анализира и вкупниот процес на јавни набавки во земјава, со цел да ги детектира слабостите во процесот и да предложи мерки за негово унапредување. Така, во рамките на последната квартална анализа за периодот април-јуни 2010 година, се направи и анализа на жалбениот процес и на постапките пред Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН).

Главната забелешка која произлегува од оваа анализа е дека растат одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки за целосно поништување на постапките, што упатува на зголемување на повредите и на злоупотребите на Законот за јавни набавки (ЗЈН) од страна на договорните органи.

Од анализата на решенијата што ДКЖЈН ги донесе во првата половина од годинава, констатирано е дека се уважени 29,4% од жалбите на компаниите, при што се донесени решенија за укинување на 69 одлуки на договорни органи за избор на најповолна понуда и целосно се поништени 68 постапки за јавни набавки. Оттука, во првите шест месеци од 2010 година, учеството на поништени постапки во уважените жалби изнесува 49,6% додека минатата година изнесуваше 39,8%. Тргнувајќи од тоа дека решение за укинување се донесува при пропусти на договорните органи во евалуацијата на понудите, а решенија за поништување се донесуваат кога се констатираат и низа други сериозни повреди на ЗЈН, произлегува дека договорните органи или сѐ уште не ги познаваат постапките, или свесно работат незаконски.

Во периодот од јануари до јуни 2010 година, ДКЖЈН се изјаснила по 503 жалби, при што се донесени 428 одлуки (решенија/заклучоци)[1] од кои:

| Вид на одлуките | Број на одлуките | Во % |
|---|---|---|
| Прекин/запирање на жалбената постапка | 69 | 13,7 |
| Одбиени жалби | 206 | 41,0 |
| Отфрлени жалби | 70 | 13,9 |
| Уважени жалби | 148[2] | 29,4 |
| Отфрлени барања за продолжување на постапката | 4 | 0,8 |
| Одбиени барања за продолжување на постапката | 6 | 1,2 |
| **Вкупно** | **503** | **100** |

Предмет на оваа анализа беа одлуките кои се однесуваат на: прекинувањето/запирањето на жалбената постапка, одлуките со кои жалбите на економските оператори се отфрлени, одлуките со кои жалбите се одбиени, одлуките со кои жалбите на економските оператори се уважени, како и одлуките со кои барањата за продолжување на постапката биле одбиени, односно отфрлени.

Во анализираниот период склучени се вкупно 2453 договори. Наведениот број на договорите не значи дека во анализираниот период биле започнати/објавени ист број на постапки за јавни набавки, туку истиот е спомнат во овој извештај, како споредбен показател за тоа колку жалбени постапки се отпочнати во однос на бројот на склучени договори во наведениот период.

---

[1] Бројот на донесените одлуки (решенија/заклучоци) по поднесените жалби (428) е помал од бројот на поднесените жалби (503), од причина што за одреден број на постапки со една одлука, е решавано за повеќе од една жалба. Имено, со 75 решенија одлучено е за повеќе од една жалба.

[2] Бројот на решенијата со кои одлуките на договорните органи се укинати изнесува 69, додека бројот на решенијата со кои одлуките и/или постапките што ги воделе договорните органи се поништени изнесува 68.

## Одлуки со кои жалбената постапка е прекината/запрена

Во согласност со одредбите на член 220 став 1, алинеја 1 од ЗЈН, ДКЖЈН донесувала одлуки за прекинување на постапката поради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Иако во ЗЈН не е изречно наведено дека жалбената постапка може да се прекине и од други причини, ДКЖЈН донела одлуки за запирање на постапката, а во одредени случаи и за прекинување на истата и во случаи кога договорниот орган, во согласност со одредбите на член 221 од ЗЈН, по приемот на жалбата, нашол дека истата е делумно или целосно основана. Во ставот 1 на цитираниот член е наведено дека договорниот орган во такви случаи може:

- Постоечката одлука да ја ставил вон сила;
- Да донел нова одлука;
- Да ја поништил постапката;
- Да го исправил дејствието;
- Да го презел дејствието што го пропуштил;
- Да спровел нова постапка.

Без разлика на можностите кои договорниот орган ги има во согласност со ставот 1 на член 221 од ЗЈН, во суштина се работи за нова одлука со која договорниот орган ги исправа своите „грешки“ и која, во согласност со ставот 3 од истиот член, ја доставува до ДКЖЈН. Одлуки за прекин или запирање на постапките во првата половина од годинавасе донесени во 13,7% од вкупно доставените жалби.

## Одлуки со кои жалбите се отфрлени

Овој вид на одлуки е анализиран посеопфатно, со цел да се констатираат грешките кои економските оператори ги прават при вложувањето на жалбите, а поради кои ДЈЖЈН, не навлегувајќи во материјална и суштинска расправа по жалбените наводи, ги отфрла жалбите од формални причини, пропишани со ЗЈН. Исто така, целта на анализата на ваквите одлуки на ДКЖЈН беше и да им се укаже на економските оператори кои грешки најчесто ги прават при вложувањето на жалбите, односно да им се укаже на тоа дека економските оператори имаат право на жалба во сите фази на постапката за јавна набавка, почнувајќи од објавувањето на огласот.

Главната причина поради која жалбите најчесто се отфрлаат е тоа што се неуредни. Ова значи дека иако договорниот орган вложил жалба, не ја почитувал обврската пропишана со член 212



став 2 од ЗЈН да приложи доказ за уплата на надомест за водење на постапката, чија висина, во зависност од вредноста на договорот за јавна набавка, е пропишана со одредбите на член 229 од ЗЈН. Освен тоа, одреден број на жалби биле отфрлени како неуредни од причина што истите не биле составени во согласност со ЗЈН, односно не ги содржеле пропишаните податоци и не биле дополнети ниту по дозволениот рок од ДКЖЈН. Тоа што одреден број на жалби биле отфрлени како неуредни поради тоа што не бил платен надоместокот за водење на постапката не може да се смета како „не знаење“ на економските оператори, туку повеќе може да се смета дека економскиот оператор се премислил и решил да не води жалбена постапка. Затоа, пак, отфрлањето на жалбите како недозволени посредно упатува на тоа дека дел од економските оператори недоволно ги познаваат правата кои се однесуваат на поднесувањето жалба во сите фази на постапката, а од причини наведени во членот 216 од ЗЈН. Непознавањето на ваквото право, во согласност со ставот 4 на цитираниот член, е основа за жалбите да бидат отфрлени како недозволени.

Во првите шест месеци од годинава отфрлени се вкупно 70 жалби, односно 13,9% од доставените.

## Одлуки со кои жалбите се одбиени

Одбиените жалби имаат најголем удел од 41% во донесените решенија на ДКЖЈН. Најчеста причина за одбивање на жалбите е тоа што второстепената комисија смета дека договорниот орган доследно ја извршил евалуацијата на понудите и дека жалбените наводи со кои се оспорува одлуката за избор или за поништување на постапката немаат основа.

Притоа, најчесто жалбите се однесуваат за пропусти кои договорниот орган ги направил во евалуацијата на понудите, односно на тоа дека е избрана понуда која не е најповолна и која е неприфатлива.

## Одлуки со кои жалбите се уважени

Како и одлуките со кои жалбите се отфрлаат, така и овој вид на одлуки е анализиран посеопфатно, со цел да им се укаже на договорните органи кои се најчестите причини за уважување на жалбите на економските оператори, а и поради тоа што процентот на уважени жалби е прилично голем. При уважувањето на жалбите, ДКЖЈН носи одлуки со кои:

- Се укинува одлуката и предметот се враќа на повторно постапување; и
- Се поништува одлуката за избор на најповолна понуда и се поништува постапката.

Во ЗЈН, во одредбите (член 220) со кои се уредуваат видовите на одлуките кои ДКЖЈН може да ги донесе по повод изјавените жалби, поточно во ставот 1 алинеја 4, не е доволно прецизирано во кои случаи можат да се укинат одлуките за избор на најповолна понуда. Исто така, прашањето на „укинување“ не е уредено ниту со Законот за општатата управна постапка, кој покрај ЗЈН, соодветно се применува и на постапките кои се водат пред ДКЖЈН. Поради недоуреденоста на ова прашање не постои јасна дистинкција за тоа во кои случаи одлуките можат да се укинат, а во кои случаи да се поништат.

Сепак, од анализата на одлуките со кои жалбите на економските оператори се уважуваат произлегува дека ДКЖЈН носи укинувачки одлуки во случаи кога не се сторени толку битни повреди на ЗЈН. Поточно, укинувачки одлуки се донесуваат кога со повторното постапување на договорниот орган можат да се отстранат недостатоците содржани во првичната одлука.

Причините поради кои одлуките за избор се укинати се најразлични, и тоа:

- Договорниот орган извршил неправилна евалуација;
- Договорниот орган ја повредил постапката кога неоправдано го исклучил жалителот од евалуација;
- Избраниот понудувач неправилно ја пополнил понудата;
- Избраниот понудувач не ги доставил бараните докази за утврдување на техничко-професионалната способност на начин како што било побарано во тендерската документација;
- Понудата која е избрана за најповолна е неприфатлива, со што е повреден ЗЈН; или
- Договорниот орган погрешно го применил материјалното право, односно ЗЈН.

Одлуките и постапката се поништуваат во случаи кога се сторени битни повреди на ЗЈН, односно недостатоците на одлуките и, воопшто, на постапката не можат да се отстранат со повторно постапување на договорниот орган. Поништувачките одлуки особено се донесуваат во случаите кога се сторени битни повреди на постапката за јавна набавка, кога е погрешно и нецелосно утврдена фактичката состојба и кога е погрешно применето материјалното право. Главно станува збор за повеќе битни повреди наведени во член 210 од ЗЈН.

Интересно е да се напомене дека, иако во член 231 од ЗЈН е утврдено дека на постапките пред ДКЖЈН ќе се применуваат и одредбите од Законот за општата управна постапка, во ниту еден случај ДКЖЈН не донела одлука со која ја поништила обжалената одлука, сама решавајќи ја работата. Ова особено во случаите ако станува збор за погрешно утврдена фактичка состојба, како на пример, погрешна евалуација.

## Одлуки со кои барањата за продолжување на постапката се отфрлени/одбиени

Кога се во прашање одлуките за продолжување на постапката, што значи склучување на договорот за јавна набавка и покрај тоа што е вложена жалба, ДКЖЈН или ги одбивала, или ги отфрлала таквите барања.



# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО УРБАНИЗМОТ И ГРАДЕЖНИШТВОТО

Имајќи предвид дека дури една третина од претставките што ги добива се од областа на урбанизмот и градежништвото, Државната комисија за спречување на корупцијата одржа јавна дебата на оваа тема за да ги актуелизира состојбите и да даде поттик за континуирана борба против корупцијата во областа на урбанизмот и градежништвото.

На дебатата „Корупцијита во постапувањето на државните органи и единиците на локална самоуправа во областа на урбанизмот и градежништвото", одржана на 8 октомври во Скопје учествуваа 21 претставник на централната власт, единиците и органите на локална самоуправа, невладиниот сектор и медиумите.

Од Државната комисија за спречување на корупцијата велат дека претставките што ги добива за оваа област укажуваат на низа незаконитости, неправилности и злоупотреби при спроведување на постапките уредени во Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за општата управна постапка.

Врз основа на изнесените ставови од учесниците на дебатата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги извлече следниве заклучоци и ставови:

1. Со својот активен однос, учесниците на јавната дебата дадоа придонес за реално согледување на причините, проблемите и предизвиците што се јавуваат во областа на урбанизмот и градежништвото и едновремено дадоа предлози за начинот на надминување на проблемот со корупцијата во оваа област;
2. Неопходна е потребата од континуирано следење на состојбите во оваа област и постојана борба со злоупотребите и незаконското постапување преку ефикасен систем на контрола и надзор во почитувањето на законските прописи од сите надлежни органи, како од локалната самоуправа, така и од државната власт;
3. ДКСК посебно укажува дека со префрлањето на надлежностите кон локалната самоуправа помеѓу Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво и локалната инспекција во општините е оставен празен простор за манипулација и корупција и префрлање на одговорноста од едната на другата страна со што најчесто е неможно да се санкционираат и спречат случаи на беззаконие, злоупотреби и користољубие. Ова жариште треба да се елиминира и тоа да се побара од надлежните органи;



4. Честите измени на законските прописи и на урбанистичките планови, како и најавата за промена на истите остава простор и можност за појава на корупција;
5. За да се намали распространетоста на корупцијата во оваа област, потребно е да се лоцира и да се бара лична одговорност од сите чинители во целиот процес – од идеја до изградба на објектите.
6. Постапувањето на градежната инспекција да биде уште од самото започнување на градењето без претходно обезбедена комплетна документација, со што ќе се превенира бесправното градење, кое во подоцнежните фази ги мултиплицира проблемите во санирање на состојбите.


ПЕРо


POP


КОРУПЦИЈА
EU


ПРИЈАВА
ПРИЈАВА ЗА КОРУПЦИЈА
ПРИЈАВА ЗА МИТ-О
ПРИЈАВА ЗА КОРУПЦИЈА
ПРИЈАВА

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.

Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.

Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.